A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)

(/default)

МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

# Извадок на дел од дневни настани 25.12.2019

На 25.12.2019 околу 03.00 часот на улица „Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Полициска станица Гостивар ги лишиле од слобода Е.Д.(23) и Е.Д.(20), двајцата од гостиварско Беловиште, затоа што при нивен и преглед на возилото „фолксваген голф" со австриски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана, две дробилки и екстази. Двајцата биле задржани во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.Р.(41) од Куманово и против правното лице ДПТТУ „БОРОС‟ ДООЕЛ од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконита експлоатација на минерални суровини‟. Првопријавениот, сопственик и одговорно лице во второпријавеното правно лице и второпријавеното правно лице од 2010 до 30.04.2013, искористувајќи го Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини-кварц на локалитет „Пчиња‟ - с.Коинце, општина Старо Нагоричане, склучен со Владата на РС Македонија, кој се однесувал само на геолошки истражувања, вршеле незаконита експлоатација и продажба на минерални суровини-кварц на локалитетите „Пчиња‟- с.Коинце и „Ветуница‟- општина Ранковце, без добиени концесии и дозвола за истото. Притоа, во 21 наврати на правно лице од Тетово извршиле продажба на 43941,24 тони минерална суровина кварц и собирен кварц во вкупен износ од 56.561.536 денари остварена противправна имотна корист за што и доставиле 21 фактура. За извршената продажба и експлоатација требало за секој изминат квартал на Министерството за економија да платат 3% од секој ископан и продаден тон на кварц и собирен кварц, со што избегнале плаќање вкупно 395.471 денари и избегнале плаќање на давачки и за концесии во износ од 820.000 денари. Со наведеното избегнале давачки во вкупен износ од 2,220.471 денари за кој износ го оштетиле Буџетот на РСМ, а воедно се стекнале со противправна имотна корист од 58.386.538 денари.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.Ц.(38) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување‟. Пријавениот, вработен како домаќин на клуб во две казина во Куманово, во текот на 2019 година во повеќе наврати од вработените во клубот побарал пари од сефот, при што од вкупно доверени 1.200.000 денари, депозит за исплата на добивки, присвоил за себе сума од 679.500 денари. Наведените парични средства до 07.10.2019, кога била извршена контрола, не ги вратил во клубовите.

На 22.12.2019 околу 22.00 часот полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Е.Ј.(38) од Крива Паланка поради тоа што заедно со уште две лица извршил кражба на над 50 различни предмети од бензинска пумпа во Куманово. Според пријавеното, во наведеното, тој и двете лица искористиле прилика кога на бензинската пумпа имало повеќе луѓе и во неколку наврати ги одзеле предметите и ги ставиле во патничко возило „сузуки гранд витара‟ со бугарски национални ознаки, кое било паркирано пред пумпата. Тие биле забележани од вработените по што била повикана полиција и агенција за обезбедување. Е.Ј. бил лишен од слобода, додека при преглед во возилото биле пронајдени предметите. По приведувањето во СВР Куманово, Е.Ј. почнал да се однесува агресивно и физички нападнал еден полициски службеник. По преземени мерки, во врска со настанот биле приведени и Д.М.(33) и С.С.(36), двајцата од Крива Паланка. По целосно документирање на случајот против тројцата ќе биде поднесена кривична пријава поради сомнение за сторено кривично дело „кражба‟, додека против Е.Ј. ќе биде поднесена и кривична пријава поради „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста‟.

На 24.12.2019 во 19.15 часот во Полициската станица Аеродром, С.С.(27) од Скопје пријавил дека на улица „Владимир Комаров‟ бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 24.12.2019 во 17.35 часот на локалниот пат с.Брвеница-с.Волковија, тетовско, автобус „Темса‟ со тетовски регистарски ознаки, управуван од М.Ш.(50) од с.Теново, тетовско, удрил во велосипедист Б.Б.(63) од с.Брвеница. По незгодата, велосипедистот бил пренесен во Клиничката болница Тетово, каде починал. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Тетово.

Во текот на изминатиот ден (24.12.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности при што од сообраќај е исклучен еден возач затоа што управувал возило под дејство на алкохол и едно возило бидејќи било нерегистрирано.

Исто така, санкционирани се осум пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден 76 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 24.12..2019 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека три возила биле нерегистрирани, тројца возачи управувале возило без возачка дозвола, двајца возачи биле под дејство на алкохол и биле исклучени од сообраќај. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 24.12.2019 во 15.30 часот на улица „Филип Втори Македонски" во Скопје, патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Џ.(42) од Скопје, удрило во четиригодишно дете-пешак од Р.Словенија. Во незгодата детето се здобило со тешки телесни повреди по што било пренесено во Градската општа болница „Свети Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.12.2019 во 14.30 часот на паркинг простор на булевар „Партизански Одреди" во Скопје, патничко возило „тојота јарис" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Ѓ.(30) од Скопје, удрило во пешак Ж.С.(79) од Скопје. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Г.Ц.(53) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „фалсификување исправа". Пријавениот, во својство на управител на правно лице од Скопје, во текот на април 2019 година изготвил лажна Лиценца Б – за изведувач на градби од втора категорија со важност од 06.08.2012 година до 06.08.2019 година, како да е изготвена и издадена од Министерството за транспорт и врски на РСМ. На 23.04.2019 ја искористил како вистинска и ја употребил на Електронскиот систем за јавни набавки како прилог кон тендерска документацијата во врска со Понуда поднесена од страна на неговото правно лице, а врз основа на Оглас за спроведување на отворена постапка за јавна набавка објавен од страна на Министерството за одбрана за доделување на договор за вршење на работни активности во врска со Оспособување на надворешни разводи за греење во објекти на Министерството за одбрана и Армијата на РСМ. Откако до Министерството за одбрана стигнале индиции дека фирмата прикачила фалсификувана лиценца, Министерството за одбрана побарало информација од Министерството за транспорт и врски и по добиена информација дека на тој правен субјект не му е доделена лиценца, Министерството за одбрана до Јавното обвинителство поднело кривична пријава против правниот субјект.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Т.Б.(38) и Ј.А.(43), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека сториле по едно кривично дело „злоупотреба службена положба и овластување" и „поттикнување" во врска со „злоупотреба на службена положба и овластување". Првопријавената, вработена како правник во Агенцијата за катастар на недвижности-Скопје, во текот на 2014, со искористување на својата службена положба и со пречекорување на своите службени овластувања, а поттикната од второпријавениот, управител на правно лице од Скопје, по приемот на пријава за запишување на промена во Агенцијата за катастар на недвижности на 11.11.2014, иако имала овластување само да одлучува по предмети за запишување на сопственичките права во катастарот на недвижности, а по претходна обработка на пријавите од страна на стручни лица - геодети, неовластено преземала активности вон своите овластувања и извршила промена во катастарот на недвижностите. Првопријавената, станбениот објект кој бил недовршен и се уште во изградба и за кој немало извршено технички прием, а за кој градежната документација била издадена на лицето Д.Т. како соинвеститор, ја запишала на име на

второпријавениот и на име на соинвеститорот Д.Т., кој во меѓувреме починал. На тој начин во катастарската евиденција на недоизградениот објект неосновано му дала легалност и покрај тоа што знаела дека соинвеститорот е починат и дека има наследно решение.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Н.Д.Т.(38) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека сторила кривични дела „затајување“ и „фалсификување или уништување деловни книги“. Пријавената, вработена како администратор за туризам во правно друштво од Скопје, во периодот од 20.07.2019 до 05.09.2019, сукцесивно во повеќе наврати присвоила за себе парични средства во вкупен износ од 140.624 денари кои и биле доверени во работењето од извршената наплата од продадени туристички аранжмани за шест лица. Таа изготвила и издавала договори за патување и ваучери во име и за сметка на правниот субјект, при што примероците од договорите за патување кое ги одлагала во досието на патниците, внесувала невистинита цена на чинење на туристичкиот ангажман во помали или поголеми износи на парични средства, а додека во примероците кои ги давала на патниците внесувала и наплатувала вистинска цена или помала цена, односно самоволно давала попусти спротивно на официјалниот ценовник за лето 2019 година. Воедно, за наплатените парични средства не издавала фискална сметка, а издадените и потпишаните ваучери не ги одложила во досието за патници, туку ги уништувала, а со тоа го оштетила правниот субјект за 166.736 денари.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против А.Р.(37) од Гњилане, Косово, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „недозволена трговија“. На 12.02.2019 на обиколницата на Град Скопје, кај клучка Радишани, полициски службеници го запреле возилото „опел зафира“, кое го управувал пријавениот и при преглед на возилото биле пронајдени кутии со различни лекови, во вкупна вредност од 1.145.579 денари, за кои не приложил никаква документација за набавка. А.Р. бил лишен од слобода и приведен во Полициската станица Чаир.

На 24.12.2019 во 15.00 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека во болницата во Кавадарци со тешки телесни повреди бил донесен П.А.(52) од Неготино. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при работа во фирма во Кавадарци. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.12.2019 во Полициската станица Струга било пријавено дека во казино на улица „Маршал Тито“ во Струга бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна расправија помеѓу К.С.(32) и Е.К.(43), двајцата од струшкото село Боровец, кои биле под дејство на алкохол. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.12.2019 околу 11.30 часот полициски службеници на СВР Тетово-Полициска станица Гостивар, на големиот пазар во Гостивар го лишиле од слобода А.З.(40) од с.Балиндол, гостиварско,затоа што на неговата тезга биле пронајдени и одземени 1802 парчиња огномети, ракети и петарди. А.З. бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Охрид поднесе кривична пријава против И.Т.(36) од Скопје и К.Т.(35) од струшкото село Калишта поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда“. Тие, на 13.11.2019, во кафетерија на бензиска станица во Струга физички го нападнале Х.Н.(23) од Охрид.

На 24.12.2019 во 21.00 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека во болницата во Кавадарци со тешки телесни повреди бил донесен А.К.(42) од Кавадарци. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при работа во фабрика во Кавадарци. Се

работи на расчистување на случајот.

На 24.12.2019 во 21.10 часот во СВР Скопје, С.П.(30) од Скопје пријавил дека околу 19.00 часот на бул.„Јане Сандански" бил физички нападнат од Б.Ј. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.12.2019 во 14.00 часот во СВР Скопје, Д.А.(18) од с.Горно Количани,скопско, пријавил дека околу 13.45 часот позади угостителски објект на ул.„Џон Кенеди", по претходна расправија, бил физички нападнат со тврд предмет од Е.Б. и И.Н. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.12.2019 во 16.30 часот во Полициската станица Аеродром, Д.С.(51) од Скопје пријавил дека околу 04.30 часот во близина на угостителски објект на ул.„Горно Лисиче" бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.12.2019 во 18.00 часот во Полициската станица Тетово, 19-годишна девојка од тетовско село пријавила дека во периодот од 25.08.2019 до пријавувањето од страна на нејзината тетка и нејзин братучед била противправно држена и физички малтретирана на две локации во Тетово. Според пријавеното, тие сакале да ја омажат против нејзина волја иако таа веќе имала момче.  По консултација со јавен обвинител, девојката преку Центарот за социјални работи- Тетово е соодветно згрижена и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.12.2019 околу 21.10 часот на ул.„Борис Сарафов" во Скопје, додека извршувал службени дејствија, полициски службеник бил физички нападнат од Б.А.(27) од с.Љубин, скопско и од А.З.(26) од с.Љубин. Б.А. бил приведен во Полициската станица Ѓорче Петров и се работи на расчистување на случајот.

На 24.12.2019 во 18.27 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 18.00 часот на ул. „11-ти Октомври" во Скопје, Л.Н.(73) од Скопје бил физички нападнат од едно лице, по што бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.12.2019 околу 02.07 часот во СВР Скопје биле пријавени истрелина ул.„Филип Филиповиќ". На местото на настанот излегле полициски службеници и затекнале паркирано патничко возило „форд" со скопски регистарски ознаки во кое се наоѓале С.Х.(23), С.К.(23), Ш.Р.(23) и М.Р.(45), сите од Скопје и тие се приведени во полициска станица. При преглед на возилото и околината биле пронајдени две чаури од гасен пиштол и гасен пиштол. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје, а чаурите и гасниот пиштол се подигнати за понатамошна постапка.

На 24.12.2019 во 16.30 часот во СВР Скопје, А.Џ.(42) од Скопје пријавил дека околу 15.30 часот на пешачки премин на влез во ГТЦ на ул.„Филип Втори Македонски", по претходна расправија за случена сообраќајна незгода, бил физички нападнат од И.С.(31) од Скопје. Сочинет е записник за константиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 24.12.2019 во 12.00 часот во СВР Скопје, С.П.(31) од Скопје пријавил дека од домот заминал неговиот брат А.П.(33), кој бил со здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 24.12.2019 во 17.38 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека кај зелен пазар две лица со закана од вработената одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

## МИНИСТЕРСТВО

- » Министер (/profilepage/minister)
- » Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)
- » Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)
- » Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

- » Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)
- » Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)
- » Гранични работи (/granichni-premini)
- » Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

- » Влада

инте

- » Претседател
- » Собрание
- » Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)
- » Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

- » Фото галерија (/foto-galerii)
- » Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV
- » Закажување со лични документи (/kontakt-centar)
- » Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)
- » Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)